**Општина Шуто Оризари-KomunaRepublika onise Orizari-Komuna Shuto Orizari**
**Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut**

**Бр- No-Nr.** 10-765/8
03.11. **2023 год- berš-viti**
**СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP**

Согласно член 62 став (3) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ број 32/20 и 111/23) и во согласност со предлогот од Комисијата за урбанизам на Општина Шуто Оризари со арх.знак 10-765/7 од 27.09.2023 година, за одобрување на Проектната програма за Урбанистички проект вон офат на урбанистички план за изградба за изградба на Г2.1-Згради од лесна градежна индустрија на КП 499/6 КО Горно и Долно Оризари во Општина Шуто Оризари, Градоначалникот на Општина Шуто Оризари согласно со своите овластувања го донесува следното,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Г.2-Згради од лесна градежна индустрија на КП 499/6 КО Горно и Долно Оризари во Општина Шуто Оризари**

1. Се одобрува Проектната програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Г2.1-Згради од лесна градежна индустрија на КП/499/6 КО Горно и Долно Оризари, во Општина Шуто Оризари, со технички број 102/23-У од август 2023 година изработена од Друштвото за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје која е доставена преку информацискиот систем ,,е-урбанизам'' со постапка број 54963 .
2. Со влегување во сила на ова Решение се смета дека постапката за донесување на Урбанистичкиот проект за изградба на Г2.1-Згради од лесна градежна индустрија на КП/499/6 КО Горно и Долно Оризари, во Општина Шуто Оризари е започната.
3. Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Друштвото за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ доо Скопје поднесе барање преку информацискиот систем е-урбанизам со број на постапка 54963 за одобрување на Проектната програма со технички број 102/23 од август 2023 година за изработка на Урбанистички проект за изградба на Г2.1-Згради од лесна градежна индустрија и во прилог на истата приложи Елаборат за ажурирана геодетска подлога со проектен опфат, имотен лист за КП 499/6 КО Горно и Долно Оризари, услови за планирање на просторот и Проектна програма (pdf I dwg) и според предлогот за одобрување од Комисијата за урбанизам на општина Шуто Оризари, Градоначалникот на општина Шуто Оризари донесе Решение за одобрување на Проектната програма за изработка на Урбанистички план на КП 499/6 КО Горно и Долно Оризари, а со тоа да отпочне постапката за донесување на Урбанистички проект за наведената локација.

Општина Шуто Оризари
Градоначалник
Курто Дудуш

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA MAKEDONIJA
ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ - KOMUNA ŠUTO ORIZARI
ГРАДОНАЧАЛНИК - DIZJAKORO SERUTNO
СКОПЈЕ-SKOPJE